Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 10-686/3

Дата 02.02.2022 година
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Постапувајќи по Заклучок со арх.бр.08-347/44 за усвојување на Иницијативата за опстанок на „Тиквешко езеро„ донесен на седница на Совет на општина Кавадарци одржана на ден 27.01.2022 година,

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Кавадарци со арх.бр.10-686/1 од 31.01.2022 година, на седницата одржана на ден 02.02.2022 година, ги донесе следните :

# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Пратениците од Општина Кавадарци во Парламентот на РСМ, да го актуелизираат прашањето за состојбата и опстанокот со „Тиквешко езеро„ пред соодветните комисии во Парламентот.

2. Здружението за заштита и унапредување на животната средина „ЕКО ЖИВОТ“-заедно со овлас.инспектор за животна средина-Доне Илов, да изработат елаборат за влијанието на водостојот на езерото врз животната средина, минималниот биолошки опстанок на езерото и околината на Тиквешкото езеро;

3. Општина Кавадарци-Секторот за комунално уредување, урбанизам, заштита на животна средина, сообраќај Раководител-Драгослав Симоновиќ, да изработи елаборат за влијанието на водостојот на Тиквешкото езеро, во однос на заштитата на манастирите, црквите покрај езерото, и имотната состојба на објекти околу езерото со вредност на истите.

4. Здружение на Планинарско спортско друштво „Орле„ заедно со советникот за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето и заштита на природата-Зоран Младеновски да изработи елаборат во делот на спелеологијата и хидрологијата со кој што ќе се елаборира за заштитата на пештерскиот туризам, манастирскиот и црковен имот, во однос на нискиот водостој на „Тиквешко езеро„;

[redacted]

5. Иницијативниот одбор за опстанок на „Тиквешко езеро„ - Александар Митев да изработи елаборат во делот на влијанието од намалувањето на водостојот врз микроклимата на „Тиквешко езеро„ и стопанисувањето со истото, да изработат елаборат за влијанието на водостојот на „Тиквешко езеро„ врз издадените концесии за стопанисување со рибниот фонд во истото и целокупната аквакултура.

6. Советникот за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето и заштита на природата-Зоран Младеновски, да подготви елаборат за присуството на тешки метали во квалитетот на водата во „Тиквешко езеро„ и влијанието на истото во прозводството на земјоделски производи и квалитетот на храната, имајќи ја во предвид примарната намена на Тиквешкото езеро и направената каналска мрежа за наводнување на земјоделските површини;

7. Комисијата утврди дека горенаведените елаборати по однос на опстанокот на „Тиквешко езеро„ треба да се подготват најдоцна до 15.02.2022 година.

**Комисија за опстанок на „Тиквешко езеро„**

Арх.Бр.

Дата: година
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk